**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-90/15
05.10 2022 год.

**ДО**
**Граѓанска иницијатива на жени – ГИЖ**
**Плоштад Илинден , бб, Свети Николе**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување одговор – информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на информации од јавен карактер од 13.09.2022, Општина Свети Николе како имател на информацијата ви го доставува одговорот од Одделенијата во Сектор за нормативно-правни работи, администрирање со даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности и Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и оттугување на градежно земјиште доставен до службеното лице за пристап до информации од јавен карактер.

Информацијата Ви ја доставуваме во бараната форма (електронски запис) по е-маил.

**ПРИЛОГ**

- Доставување на информации од Одделенијата во Сектор за нормативно-правни работи, администрирање со даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности и Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и оттугување на градежно земјиште

**Општина Свети Николе**
/службено лице/

Златко Малинов

**ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Податоци за трошоци за набавка на струја, за општината, училиштата, градинките пред и по енергетската криза 2021/2022?
   - **Општина: 8 288 554 мкд. до 30.09.2022 ; 5 316 312 мкд – 2021 год.**
   - **Училиштата и градинката се други иматели на информации од јавен карактер, ке се обратите до нив.**
   -
2. Колку пари собрала општината од комунална такса за јавно осветлување од ЕВН во 2021/2022?
   - **14 724 067 мкд - 2021 год.**
   - **12697 481 мкд до 09/22**

3. Дали ЕВН им доставува податоци за точно колку броила им ги исплаќа парите на општината?
   - **Не**

4. Податоци за поставување на фотоволтаици на кровови на општината, училишта, градинки, други објекти( има/нема од колку вкупно училишта во општината и други објекти имаат фотоволтаици)?
   - **Нема објекти со поставени фотоволтаици, во план е поставување на општинската зграда и на училиштата**

5. Промена на обичните светилки со штедливи светилки во општината(колку светилки се заменети со штедливи во 2021/2022, за колку со тоа е намалена потрошувачката на струјата?)
   - **Во општинската зграда нема заменето светилки**

6. Дали во изминативе две години се поставени енергетски фасади во училиштата, градинките и други објекти?
   - **Во последните две години нема нема такви зафати**

7. Какви конкретни мерки за енергетска заштеда донела општината?
   - **Smart систем за јавно осветлување**
   - **Бунари за топловодно греење во градинката- клон 1**
   - **Замена на живини рефлектори со лед рефлекори во спортска сала**
   - **Заменети светилки во училиштата со лед**
   -
8. Дали општината донела план, стратегија или каков и да е документ за енергетска ефикасност? Ако има што предвидува тој план и за кој временски период се однесува?
   - **Има програма за енергетска ефикасност за период 2022-2024, предвидува енергетски ефикасни фасади на училиштата, инсталации на фотоволтаици, намалено користење на возниот парк ( програмата е на одобрување во агенција за енергетика )**

9. Дали досега општината спровела кампањи и други активности за информирање на граѓаните за штедење на струјата?
   - **Има активности и информирање на вработените во општинската администрација, граѓаните се информираат преку медиумите со препораки од владата**